РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-649/4
17-11-2020 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава доставена од подносителот -------------------- до Државната комисија за спречување на корупцијата, на 41-та седница одржана на 11.11.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

**СЕ ЗАПИРА** постапката по предметот со број 12- 649/1 од 29.01.2020 година оформен по пријавата поднесена од подносителот ----------------------------------.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-436/1 од 22.01.2020 година бидејќи во конкретниот случај постапил надлежен орган (Судски совет на РСМ) кој во рамките на своите законски надлежности ја утврдил фактичката состојба и за своите констатации го известил подносителот на пријавата/претставката.

Предметот да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлука, со образложение.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12- 649/1 од 29.01.2020 година е оформен врз основа на добиена пријава од подносителот ---------------------------------.

Во пријавата се укажува на наводи за сомневања за несовесно и незаконско постапување на судија на Основен Граѓански суд Скопје во предмет со број 40-П4-949/2019 во кој тужител е -------------------------------, тужен бил Министерство за труд и социјална политика, во која постапка судијата намерно го одолговлекувал постапувањето по предметот, при оценка на доказите и утврдување на фактичката состојба судијата зел во предвид нерелевантни докази, не извршил увид на лице место и не прибавил службени документи со цел проверка на фактите и доказите во конкретниот предмет.

Во насока на утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите во конкретниот предмет, ДКСК со Барање за прибирање податоци и информации со број 12-649/2 од 16.07.2020 година побара од Судскот совет на Република Северна Македонија во рамките на своите законски надлежности да провери дали постапувањето на судијата на Основен Граѓански суд Скопје (ДКСК не располага со податок за името на судијата) во предметот со број 40-П4-949/2019, во кој тужител е ---------------------, а тужен бил Министерството за труд и социјална политика, било во согласност со закон и за резултатите од постапувањето да се извести Државната комисија.

Во законски утврдениот рок беше доставен одговор од Судскот совет на Република Северна Македонија.

При разгледување на предметниот случај, Државната комисија за спречување на корупцијата ги зема во предвид предметните наводи и по извршените проверки го утврди следното:

Судскиот совет на Р.Северна Македонија ја извести ДКСК дека лицето ---------------------------, со претставка заведена под број 08-38/20 од 23.01.2020 година, се обратил и до Судскиот совет, за постапувањето на судија на Основниот граѓански суд Скопје, во предмет за надомест на штета со предлог за издавање привремена мерка, каде се јавува тој во својство на тужител. Тужбата била поднесена против Министерството за труд и социјална политика и подносителот на претставката побарал ослободување од плаќање на судската такса и трошоците на постапката согласно член 163 од Законот за парничната постапка. Пријавителот бил незадоволен од одлуката донесена од судијата со која му било одбиено барањето за ослободување од плаќање на судската такса. Тој во тужбата навел судијата не ги ценел сите приложени докази и дека биле сторени пропусти од судот по однос на адресата на која му била доставена судската одлука, бидејќи таа адреса не била наведена како негова контакт адреса.

Согласно член 36 став 1 алинеа 15 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 102/19), претставката била разгледана на седницата на Судскиот совет одржана на 30.06.2020 година.

По однос на наводите изнесени во претставката, побарана била изјава од судијата, кој во својот одговор навел дека од Основниот граѓански суд биле донесени две решенија:

- решение од 02.01.2020 - со кое се одбива како неосновано неговото барање за ослободување од плаќање на судски такси и трошоци во постапката по предлогот за привремена мерка и задолжен бил да плати судска такса во рок од 15 дена од правосилноста на истото; и
- решение од 02.01.2020 година со кое се одбива како неосновано неговото барање за ослободување од плаќање на судски такси и трошоци во постапката по тужбата и бил задолжен да плати судска такса во рок од 15 дена од правосилноста на истото. Против ова решение подносителот изјавил жалба на 22.01.2020 година.

По однос на наводите за пропуст сторен од судот по однос на адресата, судијата појаснил дека во сите документи издадени од државни институции, како адреса на тужителот (негова адреса), стои адресата на која му била испратена одлуката. По враќањето на пратката од пошта со назнака дека е иселен, пратката му била предадена лично, по што му било овозможено да го оствари своето право на жалба. Во одговорот на Советот е наведено дека во тек е постапка по жалба пред Апелациониот суд Скопје, каде наводите од претставката ќе бидат разгледани од повисокиот суд како жалбени наводи. Согласно член 13 од Законот за судовите, судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд, во постапка пропишана со закон. Судскиот совет нема надлежност да испитува, менува или укинува судски одлуки.

Врз основа на погоре утврдената фактичка состојба, ДКСК констатира дека во конкретниот случај постапил надлежен орган (Судски совет на РСМ) кој во рамките на своите законски надлежности ја утврдил фактичката состојба и за своите констатации го известил подносителот на пријавата/претставката. Оттаму, ДКСК заклучи дека нема елементи за нејзино натамошно постапување

во предметиот случај и предметот да се затвори и архивира. Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р И.П
Одобрил: м-р В.Г., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**